„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 2 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Ангелина Бановиќ-Марковска / Angelina Banović-Markovska

ВРЕМЕНСКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВИСТИНАТА КАЈ ДОСТОЕВСКИ И БУЛГАКОВ /

THE TEMPORAL DIMENSION OF TRUTH IN DOSTOEVSKY AND BULGAKOV 25-52

Историја и филологија / History and Philology

Дарин Ангеловски / Darin Angelovski

КАНОНСКАТА ПРЕТСТАВА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ИВАН ТОЧКО И НЕГОВАТА НЕОБЈАВЕНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА /

THE CANONICAL REPRESENTATION OF IVAN TOČKO'S WORK AND HIS UNPUBLISHED WRITINGS FOR CHILDREN 55-67

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Андреј Стојановски / Andrej Stojanovski

ПАРОДИЈАТА И ХИПЕРБОЛАТА / PARODY AND HYPERBOLE . 71-92

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Вељко С. Ивановић / Veljko S. Ivanović

ИДИОТ СТАНИСЛАВА ВИНАВЕРА: *РАТНИ ДРУГОВИ* И ТРАГОВИ РУСКЕ КУЛТУРЕ /

THE IDIOT OF STANISLAV VINAVER: *WAR COMRADES* AND MARKS OF RUSSIAN CULTURE 95-129

Јована Караникиќ Јосимовска, Анастасија Ѓурчинова / Jovana Karanikikj Josimovska, Anastasija Gjurčinova

ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПРЕВОДИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КЛАСИЦИ:КОНЕСКИ И УРОШЕВИЌ ПРЕД ЧИТАТЕЛИТЕ ВО ИТАЛИЈА /

ITALIAN TRANSLATIONS OF MACEDONIAN CLASSICS: KONESKI AND UROŠEVIĆ FOR ITALIAN READERS 131-155

Ivica Baković

MAKEDONSKI KLASICI U HRVATSKOJ: PRIJEVODNA RECEPCIJA MAKEDONSKE KNJIŽEVNOSTI I MAKEDONSKOG KNJIŽEVNOG KANONA U HRVATSKOJ OD 1991. DO 2025. /

MACEDONIAN CLASSICS IN CROATIA: THE TRANSLATIONAL RECEPTION OF MACEDONIAN LITERATURE AND THE MACEDONIAN LITERARY CANON IN CROATIA FROM 1991 TO 2025 157-196

Ivana Latković, Ana Marić

SPISATELJICE U, OKO I ONKRAJ KANONA JUŽNOSLAVENSKIH KNJIŽEVNOSTI /

WOMEN WRITERS WITHIN, AROUND, AND BEYOND THE CANON OF SOUTH SLAVIC LITERATURES 197-225

Снежана Николић / Snežana Nikolić

БАГДАЛА (1954) КАО ЗАЧЕТАК ПОЕТИКЕ ФРАГМЕНТАРНОСТИ И КОЛАЖИРАЊА У СТВАРАЛАШТВУ ДУШАНА МАТИЋА /

BAGDALA (1954) AS THE ORIGIN OF THE POETICS OF FRAGMENTARINESS AND COLLAGE IN THE OEUVRE OF DUŠAN MATIĆ 227-249

Гоце Смилевски / Goce Smilevski

ЗОШТО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ Е ОТСУТНА ОД *ЗАПАДНИОТ КАНОН* НА ХАРОЛД БЛУМ? /

WHY MACEDONIAN LITERATURE IS ABSENT FROM HAROLD BLOOM'S *WESTERN CANON* 251-267

Марко С. Тошовић / Marko S. Tošović

УСМЕНА ПРИЧА И ТИШИНА У РОМАНУ КОД ХИПЕРБОРЕЈАЦА МИЛОША ЦРЊАНСКОГ /

ORAL STORYTELLING AND SILENCE IN THE NOVEL AMONG THE HYPERBOREANS BY MILOŠ CRNJANSKI 269-290

Jakov Milovac

ĐAVOLSKA ZVIJERI, ČUDNO SAZDANA: FOKALIZACIJA I ROD U IGRI S ĐAVOLOVIM REPOM VITOMILA ZUPANA /

DEVILISH BEAST, STRANGELY MADE: FOCALIZATION AND GENDER IN VITOMIL ZUPAN'S GAME WITH THE DEVIL'S TAIL... 291-306

Марија С. Цветићанин / Marija S. Cvetićanin

ОБЛИЦИ СМЕХА У ПРИПОВЕДНОМ СТВАРАЛАШТВУ ЛАЗЕ ЛАЗАРЕВИЋА /

FORMS OF LAUGHTER IN THE NARRATIVE CREATION OF LAZA LAZAREVIĆ 307-322

Matija Ivačić, Ivan Moharić

PANSLAVIZAM JÁNA KOLLÁRA U ODABRANIM DJELIMA HRVATSKIH ILIRSKIH PJESNIKA (ADOPCIJA I TRANSFORMACIJA)

JÁN KOLLÁR'S PAN-SLAVISM IN SELECTED WORKS OF CROATIAN ILLYRIAN POETS (ADOPTION AND TRANSFORMATION) 323-350

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva

ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ БАЛАДИ (Еколошки и семантички пристап) /

NATURE IN MACEDONIAN FOLK BALLADS (An Ecological and Semantic Approach) 353-375

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Симона Груевска-Маџоска / Simona Gruevska Madjoska

СИНОНИМИЈАТА И ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА АКУМУЛАЦИЈА ВО РОМАНИТЕ НА ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ (Семантички и стилистички аспекти) /

SYNONYMY AND LEXICO-SEMANTIC ACCUMULATION IN THE NOVELS OF GOCE SMILEVSKI (Semantic and Stylistic Aspects) 379-400

Рецензии и информации / Reviews and Information

Тамара Бабић / Tamara Babić

О ЈЕДНОЈ ПРЕКООКЕАНСКОЈ ЧЕЖЊИ / ON A TRANSEOCEANIC LONGING 403-406

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

ИЗМЕЂУ ПОЈМА И ТУМАЧЕЊА: VADEMECUM КАО САВРЕМЕНИ ВОДИЧ КРОЗ ИСТОРИЈУ УМЕТНОСТИ /

BETWEEN CONCEPT AND INTERPRETATION: VADEMECUM AS A CONTEMPORARY GUIDE THROUGH ART HISTORY 407-409

Валентина Миронска-Христовска / Valentina Mironska-Hristovska

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЦРНОГОРСКИОТ ДУХОВЕН И КУЛТУРНОИСТОРИСКИ ИДЕНТИТЕТ /

CHRISTIANITY IN THE MONTENEGRIN SPIRITUAL AND CULTURAL-HISTORICAL IDENTITY 411-421

Љубица Д. Нешић / Ljubica D. Nešić

СВЕТИ САВА У ИСТОРИЈИ, ТЕОЛОГИЈИ И УМЕТНОСТИ /

SAINT SAVA IN HISTORY, THEOLOGY, AND ART..... 423-428

Билјана Ристовска-Јосифовска / Biljana Ristovska-Josifovska

ТРКАЛЕЗНАТА МАСА „АКАДЕМСКИОТ ПРОФИЛ НА КРСТЕ МИСИРКОВ“ – ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО /

ROUND TABLE "THE ACADEMIC PROFILE OF KRSTE MISIRKOV" – ON THE OCCASION OF THE 150th ANNIVERSARY FROM HIS BIRTH (SKOPJE, 18 NOVEMBER 2024)..... 429-435

Бојан Чолак / Bojan Čolak

СИНТЕТИЧКИ ХОРИЗОНТИ НУШИЋЕВОГ ДЕЛА: О МОНОГРАФИЈИ *КЊИЖЕВНИ СВИЈЕТ БРАНИСЛАВА НУШИЋА* ГОРАНА МАКСИМОВИЋА /

SYNTHETIC HORIZONS OF NUŠIĆ'S WORK: ON THE MONOGRAPH *THE LITERARY WORLD OF BRANISLAV NUŠIĆ* BY GORAN MAKSIMOVIĆ..... 437-441

UDK: 929Мисирков, К. П.(062)
UDK: 811.163.3(091)(062)
UDK: 323.1(=163.3)(062)

ТРКАЛЕЗНАТА МАСА „АКАДЕМСКИОТ ПРОФИЛ НА КРСТЕ МИСИРКОВ“ – ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО (СКОПЈЕ, 18 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА)

Билјана Ристовска-Јосифовска
Институт за национална историја
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0002-7533-5150

ROUND TABLE "THE ACADEMIC PROFILE OF KRSTE MISIRKOV" – ON THE OCCASION OF THE 150th ANNIVERSARY FROM HIS BIRTH (SKOPJE, 18 NOVEMBER 2024)

Biljana Ristovska-Josifovska
Institute of National History
Ss. Cyril and Methodius University – Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0002-7533-5150

На 18 ноември 2024 година, во Скопје, беше организирана Тркалезната маса „Академскиот профил на Крсте Мисирков“, по повод одбележувањето на 150-годишнината од раѓањето на македонскиот културно-национален деец Крсте Мисирков (18 ноември 1874 година, Постол, Енице-Вардарско, кое е денеска во Грција – 26 јули 1926 година, Софија, Бугарија). Настанот беше координиран и модериран од неговите иницијаторки: проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска и проф. д-р Лилјана Гушевска, а во заедничка соработка на Институтот за национална историја, на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, на Институтот за фоклор „Марко Цепенков“ и на Институтот за македонска литература. Целта на овој собир беше да се потсетиме на делото на Мисирков и низ научна дискусија да го заокружиме неговиот академски профил, како еден од столбовите на македонската академска култура.

Програмата започна со Свеченото положување цвеќе на споменикот на Мисирков во паркот кај Македонската академија на науките и уметностите, од страна на делегации на институциите, кои беа коорганизатори на Тркалезната маса. Настанот продолжи во Амфитеатарот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, со поздравните обраќања на иницијаторите (проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска и проф. д-р Лилјана Гушевска) и на директорите на институтите (проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, проф. д-р Митко Панов, проф. д-р Ермис Лафазановски и проф. д-р Наташа Аврамовска). По поздравните обраќања, следеше презентацијата на поштенската марка, посветена на 150-годишнина од раѓањето на Крсте Мисирков, издадена од Филателија при Поштата на РС Македонија. Во оваа пригода присуствуваа и претставници на Филателија: Ване Милошевски и Лоран Куфало (авторот на ликовното решение за поштенската марка).

Тркалезната маса „Академскиот профил на Крсте Мисирков“ продолжи со научната дискусија, која вклучуваше презентации на најновите согледувања за академскиот профил на Мисирков, анализиран од различни аспекти и со интердисциплинарен пристап. Така, рефератот на проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска („Крсте Мисирков – македонист, славист и антрополог“) го проследи неговото дело во областа на славистичките, на македонистичките и во почетоците на македонските антрополошки студии, додека, пак, проф. д-р Лилјана Гушевска, во својот реферат „Мисирков и словенофилството“, го постави фокусот врз еден друг важен сегмент од развитокот на славистиката – словенофилството. Интересна анализа на Мисирковиот опус и на неговите научно-истражувачки интереси направи проф. д-р Елена Јованова-Грујовска во своето излагање под наслов „Мисирков за Македонците и Македонците за Мисирков“, а историскиот дискурс во Мисирковите пишани дела го проследивме во излагањето на проф. д-р Митко Панов: „Македонскиот историски наратив во опусот на Крсте Мисирков“. Анализата на методологијата на работа на Мисирков беше тема и на проф. д-р Катерина Кумановска-Петровска, која се осврна на

„Мултидиспиплинарниот пристап како една од особеностите на делото на Крсте Мисирков“.

Учесниците во научната дискусија се задржаа на уште неколку интересни опсервации на улогата на Мисирков во времето во кое живеел и во нашата современост. Во тој контекст, проф. д-р Лидија Тантуровска, во своето излагање се запраша: „Мисирков направи доволно за нас, но дали правиме доволно за него ние?“ Во таа насока беше и презентацијата на проф. д-р Јасминка Ристовска Пиличкова и на проф. д-р Зоранчо Малинов за „Улогата и значењето на Мисирков во експедицијата на Н. П. Кондаков – „Македонија 1900 година“. Додека, пак, доц. д-р Славчо Ковиловски ја дефинираше неговата дејност во историски контекст со рефератот под наслов „Меѓникот Мисирков“. Најавената програма заврши со излагањето на м-р Андријана Павлова – „*За македонцките работи* (модел на вештачка интелигенција што генерира одговори во духот на Мисирков)“, во кое проследивме размислувања за новите можни методи за афирмација на историјата и на историските личности во нашата современост. По завршувањето на предвидените излагања, присутните поведоа дискусија, поврзана со темата. Меѓу нив, треба да се спомене Љубомир Гајдов, кој евоцираше спомени за еден разговор со акад. Блаже Ристовски и неговата искажана надеж дека еден ден посмртните останки на Мисирков ќе бидат пренесени во Македонија.

Настанот беше посетен од публика со голем број учесници од научната и од поширокатa јавност, меѓу кои, и од групата ученици од Гимназијата „Јосип Броз Тито“ од Скопје и од Јулија Ликоска-Угриноска (професорка по македонски јазик), како и постдипломски студенти на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Позитивниот одзив за организацијата на оваа тркалезна маса, за која известуваа и повеќе медиуми, нè охрабрува да ја продолжиме оваа практика на научен дијалог и да ја претвориме во традиционална манифестација во чест на Крсте Мисирков, како еден од најзначајните основоположници на македонската академска култура.

Тркалезната маса под наслов „Академскиот профил на Крсте Мисирков“ се одржа по повод 150 години од неговото раѓање, на роденият ден – 18 ноември. Идејата ни беше да го профилираме Мисирков како научник, а низ призмата на неговата разнородна дејност: од аспект на едукација како ученик и студент, од аспект на дејноста како едукатор низ разни образовни институции, како и од аспект на неговата академска активност како научник, истражувач и иницијатор за формирање на академски институции и здруженија. Така може да се добие заокружена целина за академската дејност на Мисирков: човекот – полиглот, којшто зборувал: англиски, руски, германски, француски и други јазици; ученикот – бунтовник, којшто барал образование, а притоа не се помирувал со потчинетоста и зависноста од туѓите пропаганди; едукаторот и истражувачот; а најмногу – македонскиот научник, којшто успеал да досегне до високите и престижните позиции на образовните институции, иницијатор за формирање на првата високообразовна институција во Македонија, иницијатор и уредник на печатени органи, теренски истражувач итн.

Оваа манифестација ќе продолжи и во следниот период, низ различни форми и содржини, и на истиот датум – роденденот на Мисирков. Целта е да се афирмира современата македонска научна мисла, како надградување на Мисирковите напори за развиток на македонската академска култура. Заедничкото организирање на националните научни институти ќе покаже во практика како функционира интердисциплинарниот пристап и како се применува во научните резултати од областа на: историјата, јазикот, литературата, етнологијата и фолклорот. Идејата е овој настан да прерасне во традиционален форум на научни дискусии и платформа, која ќе нè обединува – не за да размислуваме еднакво, туку да научиме да размислуваме заедно.



Свеченото положување цвеќе на спомениkот на Крсте Мисирков од страна на делегации од националните институти










Дел од свеченото отворање на настанот



Програмата за Тркалезната маса

